РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-277/2

03-06-2022 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава на познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 69-та седница одржана на ден 01.06.2022 година ја донесе следнава

**Одлука**

Пријавата заведена под број 12-7080/1 од 20.12.2021 година, со наводи за сомневање во стечајна постапка над Еуростандард Банка АД Скопје, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување од причина што по предметниот случај ДКСК веќе има постапено по предмет со исти предметни наводи и по истиот е донесена одлука.

Предметот со број 12-7080/1 од 20.12.2021 година година да се затвори и архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Од страна на познат подносител, ---------------------------------- на Еуростандард Банка АД Скопје, на ден 20.12.2021 година, на електронска адреса на ДКСК доставена е Информација за стечајната постапка на Еуростандард Банка во стечај со наводи за незадоволство од постапувањето на Државното правобранителство на РСМ и Основниот граѓански суд Гостивар при постапувањето во постапката по продажба на имот од стечајната маса. Од страна на подносителот во неколку наврати дополнително се доставувани информации со прилози по однос на пријавените наводи.

При извршени проверки во евиденцијата на ДКСК констатирано е дека веќе има оформено предмет во врска со предметниот случај кој е заведен под број 12-7487/1 од 29.12.2021 година, по кој ДКСК има постапено, преземени се дејствија за утврдување на фактичката состојба, и на 67-та седница одржана на 13.05.2022 година донесена е одлука од нејзина надлежност. Предметната одлука е заведена под број 12-40/4 од 19.05.2022 година, а со истата е одлучено дека постапката по предметот се запира, од причина што подносителот до ДКСК достави известување бр. 12-40/2 од 18.04.2022 година, во кое е образложена променета фактичката состојба во однос на наводите од пријавата.

Од погоре констатираното, ДКСК утврди дека по однос на предметните наводи веќе е постапено и одлучено од страна на Државната комисија, по што оцени дека нема елементи за натамошно постапување по овој предмет и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: м-р В.Г., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk